РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр.- Nr. 08-859/1
20. 04. 2026 год.-vit
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен венсик на РМ„ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ 202/24), а согласно член 21 точка 28 од статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце бр.21/2003, 16/2010, 19/210, 20/2014, 26/2015, 27/2019, 35/2024„) во врска со член 17 а став 2, член 26 и 26 а од Законот за јавните претпријатиа „Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25, член 2 од Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за член на управен и надзорен одбор на јавното претпријатие (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.213/2024) а по предлог на Градоначалникот. Советот на Општина Јегуновце, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР И НАДЗОРЕН ОДБОР НА „ОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИ РАБОТИ ЈЕГУНОВЦЕ-ЈЕГУНОВЦЕ„

ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик е спроведување на постапка за избор на 5 (пет) члена во управен и 3 (три) члена во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на „ОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИ РАБОТИ ЈЕГУНОВЦЕ-ЈЕГУНОВЦЕ„. Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за член на управен и надзорен одбор на јавното претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.213/2024).

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе изразат интерес за пројавување и кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик. Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Јегуновце https://opstinajegunovce.gov.mk/

УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на управен и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на „ОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИ РАБОТИ ЈЕГУНОВЦЕ-ЈЕГУНОВЦЕ„ може да биде лице кое ги исполнува следните услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност:

Членовите на управниот одбор покрај општите услови треба да ги исполнуваат и посебните услови и тоа :

- Два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку 5 (пет) години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,
- Најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку 3 (три) години работно искуство од областа на финансиското работење,
- Најмалку еден член на управниот одбор треба да има 3 (три) години работно искуство од областа на правните работи и
- Најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку 3 (три) години работно искуство од областа на техничките науки.

Членовите на надзорниот одбор покрај општите услови треба да ги исполнуваат и посебните услови и тоа :

- Еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку 5 (пет) години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,
- Еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку 5 (пет) години работно искуство од областа на финансиското работење и
- Еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку 5 (пет) години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот и надзорниот одбор за контрола на членовите на управниот и на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење изнесува 4 (четири) години, со право на уште едне последователен мандат.

ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членови на управен и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење се состои од две фази и тоа:

-Фаза 1- административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени со Законот за јавните претпријатиа, како и на доставени докази и се врши нивно бодување), и

-Фаза 2- интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања за неговото претходно работно искуство, очекувања на кандидатот и сл.)

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на општина Јегуновце.

РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 20.04.2026 и трае 5 (пет) дена, од денот на објавувањето.

Пријавените кандидати, соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар, заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување да ја достават до:

Архивата на Општина Јегуновце с. Јегуновце 1215, Република Северна Македонија (со назнака за Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидат за избор на член во управен/надзорен одбор)

Незадоволните кандидати од изборот на членови во управен и надзорен одбор имаат право да поведат управен спор до надлежниот суд согласно Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Општина Јегуновце
Претседател на совет
Марија Рафајловска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ * РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
ЈЕГУНОВЦЕ
JEGUNOVC

Образец за пријавување по Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на ОЈП Јегуновце,Јегуновце

1	Назив и седиште на Јавното претпријатие	
2	Име и презиме	
3	Место на живеење (улица и број)	
4	Телефон за контакт	
5	Е маил/e-mail	
6	Кратка биографија	
7	Уверение за државјанство	
8	Уверение или диплома за завршено Високо образование	
9	Доказ за соодветно работно искуство наведено во Јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж)	
10	Потврда дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна или прекршочна санкција забрана за Вршење на професија, дејност или должност	

Датум:

Потпис на подносителот

Пополнува примачот на пријавата	
Архивски број на пријавата	
Датум на прием на пријавата ---	Потпис и печат ---